# ЛИСТА НА ИНДИКАТОРИ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА СОМНИТЕЛНИ ТРАНСАКЦИИ ВО МЕНУВАЧНИЦИ

## 1. Индикатори кои се однесуваат на трансакција

- Трансакцијата е економски и правно неоправдана;
- Невообичаена природа на трансакцијата или невообичаени околности кои ја придружуваат трансакцијата;
- Трансакцијата има карактер на стопанско или друго кривично дело со исклучок на кривично дело фалсификување на пари;
- Понуда на несразмерно висока провизија или други невообичаени услови за извршување на трансакцијата;
- Делење на износите кај кои се бара идентификација на странката, на помали делови;
- Почесто менување на готовина во различни валути и обратно;
- Почесто менување на банкноти со помали вредности за банкноти со поголема вредност и обратно;
- Невообичаено завиткани снопчиња банкноти.

## 2. Индикатори кои однесуваат на лице

- Користење на фалсификувани или туѓи документи за идентификација;
- Лицето не сака да се идентификува со сите барани податоци или дава погрешни податоци;
- Лицето ја откажува трансакцијата кога ќе дознае дека треба да се идентификува;
- Лицето невообичаено се однесува (очигледна напнатост и сл.);
- Лицето во менувачницата се појавува во придружба на сомнителни лица;
- Лицето е од држава која е позната по производство на droги* или како даночен рај**.

**Забелешка:**

* (Подрачја кои се познати по производство, преработка или препродажба на дроги: државите од Средниот и Далечен Исток - (хероин) Турција, Авганистан, Пакистан и државите на Златниот триаголник (Мјанмар, Лаос и Тајланд): државите од Јужна Америка - (кокаин) Перу, Колумбија и други; Државите од Среден и Далечен Исток, Северна и Централна Африка како и Средна Америка - (индиски коноп) Турција, Либан, Авганистан, Пакистан, Мароко, Тунис, Нигерија и соседните држави, Мексико и соседните држави);

** (Подрачја кои се познати како даночен рај).